Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 282/0306
22.07 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 15 јули 2021 година, врз основа на примена жалба од Соња Маџовска, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Во документарниот филм „Изгубени во премерот“ на Истражувачката репортерска лабораторија – ИРЛ, емитувана на Македонската Радио Телевизија на 30 мај 2021 година, не се прекршени етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 јуни 2021 година, Соња Маџовска поднесе жалба за емисијата „Изгубени во премерот", подготвена од „Истражувачката репортерска лабораторија" – ИРЛ, емитувана на 30 мај 2021 година, во рамките на документарниот серијал „Редакција" на Македонска Радио Телевизија (www.mrt.com.mk).

Во жалбата се наведува дека емисијата содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и неетичност.

Подносителката на жалбата, Соња Маџовска, вели дека емисијата е непрофесионална, неетичка и дека новинарите имале циничен однос при, како што посочува, објавувањето и зло(употребата) на нејзиното име. Според неа, медиумот постапил непрофесионално, на начин што посегнал кон тајно снимање на телефонски разговор и тенденциозно се обидел да докаже однапред осмислена приказна, без да покаже подготвеност да ја слушне другата засегната страна.

*„Во разговорот што тајно го снимила екипата на ИРЛ и потоа го објавуваат во емисијата, јас како маркетинг менаџер на приватна компанија ги поканувам на средба на која јасно се потенцира дека можат да прашаат што ги интересира. Информацијата дека ИРЛ подготвува емисија, компанијата Адора инженеринг ја добива (не преку некаков „крт", како што се обидоа да шпекулираат во емисијата) туку од Општината Аеродром, која побара документи од компанијата, кои општината не ги чува, а редакцијата на ИРЛ ги побарала",* се вели во поднесената претставка.

Маџовска додава дека екипата на ИРЛ постапила неетички поради тоа што новинарите во самата редакција цинично го коментирале нејзиното телефонско јавување и нејзината подготвеност да им достави информации, а таквиот пристап го имале за разговорот во компанијата кога им било потенцирано дека се отворени за сите прашања. Оценувајќи ги постапките на медиумот како исмевање на транспарентноста, таа посочува дека, и покрај отвореноста на компанијата, медиумот како да не го интересирало што има да каже Адора инженеринг, туку примарен му бил сензационализмот, а не новинарската сторија.

*„Тоа се гледа и од прераскажаниот со потсмев, односно гласно смеење (недозволиво за новинари кои се обидуваат да бидат професионалци) разговор со мене кога излегувам да ја испратам новинарката, во кој исто така уште еднаш ѝ ставам до знаење дека во секое време може да прашаат сѐ што ги интересира. И во никој случај јас не велам „ова сигурно нема да го објавите" (како што прераскажува новинарката со потсмев), туку велам „се надевам дека нема ништо да објавите - БЕЗ КОМПАНИЈАТА ДА ЈА ПРАШАТЕ, ТУКА СМЕ, ТРАНСПАРЕНТНИ СМЕ ЗА СИТЕ ВАШИ ПРАШАЊА",* додава Маџовска, која потенцира дека 23 години работела како новинар и добро ја знаела новинарската работа.

Таа смета дека злоупотребата на нејзиното име и јавно објавениот тајно снимен разговор немаат јавен интерес и дека, на тој начин, се девалвира новинарската професија. Дополнува дека кога се пристапува кон тајно снимање од страна на новинар, јавниот интерес мора да биде јасен и недвосмислен, затоа што, во спротивно, како што наведува, се губи границата на етичкото со неетичкото и законското со незаконското.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Истражувачката репортерска лабораторија“ – ИРЛ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Новинарот на „ИРЛ“, Давид Илиески одговори на наводите на жалителот.

Илиески посочува дека жалбата, освен субјективни напади кон редакцијата, не содржи ниту еден факт. Смета дека оспорената епизода „Изгубени во премерот“, која се базира на стотина јавно достапни документи, сведочења и признанија од инволвираните лица, докажала низа недоследности при градежниот процес на компанијата „Адора инженеринг“. Потенцира дека сторијата открила колку многу урбаната мафија е длабоко вкоренета во институциите, спречувајќи каков било прогрес или подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Од „ИРЛ“ појаснуваат дека објавувањето на снимениот разговор со жалителката Маџовска било единствено резултат на јавниот интерес, водејќи се и од членот 16 од Уставот, кој, меѓу другото, ја гарантира слободата на говорот. Од медиумот посочуваат дека неговите новинари се соочиле со низа притисоци од страна на команијата „Адора“ и надлежните институции и оти одлучиле дека тоа што им се случува во текот на истражувањето најдобро ќе се разбере ако го прикажат јавно. Илиески објаснува дека во однос на објавувањето на снимката од телефонскиот разговор со новинарката на „ИРЛ“ воопшто не се споменува идентитетот на жалителката, туку дека единствено се работи за вработена во ПР секторот на Адора. Тој наведува дека тој разговор бил дел од доказите кои го откриваат обидот за цензура, преку повик на новинар за средба со сопственик на градежна фирма за новинарско истражување кое е во почетна фаза.

Од „Истражувачката репортерска лабораторија“ појаснуваат дека истражувањето го почнале во февруари, со брифинг со градоначалникот на општина Аеродром во насока да се обезбедат документи за потребите на сторијата, поврзана со компанијата „Адора“. Оттаму додаваат дека, два дена по брифингот, новинарката Маја Јовановска добила повик токму од жалителката Маџовска за средба со сопственикот на „Адора“, Ванчо Чифлиганец и дека, по разговорот, Маџовска ѝ укажала на новинарката дека знае оти нешто истражуваат, бидејќи им се јавиле од општината и ги информирале дека медиумот барал документи.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*„И покрај тоа што жалителката е свесна за позадината на оваа покана за средба која воопшто не оди под рака со новинарските принципи, жалителката преку оваа жалба се обидува да манипулира со Советот на етика на медиуми, па повикот за средба го објаснува како „покана на средба на која јасно се потенцира дека може да прашаат што ги интересира". Освен како притисок од бизнисмен и обид за цензурирање не може на друг начин да се сфати оваа покана, затоа што во тој момент бевме на почеток на истражувањето, ги немавме сите информации добиени од институциите, па логично е дека не би се обратиле кај нив да „прашаме се' што не интересира",* се вели во одговорот на жалбата.

Од „ИРЛ", меѓу другото, велат дека жалителката, во обид да ги дискредитира новинарите, селективно ги прераскажала настаните и комуникацијата со компанијата во која работи. Од „ИРЛ" во одговорот приложија хронолошки опис на настани за период од два месеца, кој според нив, бил показател дека единствена цел на компанијата „Адора" била оваа приказна да не биде објавена во јавност.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Членовите на Комисијата не најдоа доволно елементи за да констатираат неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето..

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 15 јули 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи за документарен филм од широк јавен интерес, кој обработува сериозна тема и ги лоцира пропустите при утврдувањето на квадратурата на неколку станбени објекти во скопската населба Ново Лисиче, но и отвора оправдани дилеми за можни злоупотреби од страна на градежна компанија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Станува збор за обемно и аргументирано новинарско истражување. Содржината е повеќестрана и опфаќа значајни аспекти на темата. Авторите презентираат широк спектар извори на информации, од документи, архивски материјали и изјави, преку анкета на граѓани и засегнати станари до ставови на релевантни надлежни институции. Побарани се ставови на дел од геодетските компании кои го вршеле спорното мерење на становите, пренесени се гледишта на претставници на Комората на архитекти и инженери и на Комората на геодетски компании, пренесена е изјава на директорот на Агенцијата за катастар и на Републичкиот јавен обвинител и, најпосле, реализирано е интервју со сопственикот на „Адора инженеринг“, Ванчо Чифлиганец, чија компанија е во фокусот на истражувањето.

Во однос на наводите на подносителката на жалбата дека ѝ било злоупотребено името и нарушена приватноста преку тајно снимање на телефон, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира такво прекршување на Кодексот на новинарите. Став на Комисијата е дека идентитетот на жалителката во оспорениот дел од емисијата е само делумно откриен, преку споменување на нејзиното име и пуштањето во етер на нејзиниот глас од тајното снимање.

Комисијата оцени дека, и покрај тоа што медиумот делумно го објавил или овозможил да се открие нејзиниот идентитет, нема нарушување на приватноста, зашто не се презентирани информации кои би навлегле во нејзиниот приватен или интимен живот или би откриле нејзини лични податоци.

Во однос на забелешките за тајното снимање, Комисијата смета дека таквиот чин може да биде оправдан доколку се направи баланс меѓу заштитата на приватноста и потребата од јавниот интерес за да се примени таквата новинарска алатка. Комисијата цени дека во конкретниот случај, колку и да е тешко да се процени, ваквиот баланс на крајот сепак е постигнат.

Членовите на Комисијата оценија дека тајното снимање има референтна вредност на она со што се соочувал медиумот во текот на подготовката на емисијата, односно дека гласот на жалителката е пуштен за да се нагласи дека самата градежна компанија, во која работела таа, знаела дека медиумот планирал да направи документарен филм поврзан со работата на фирмата, уште пред воопшто да почне да истражува. Оттука, во одреден дел и произлегува оправданоста да се пристапи кон тајно снимање.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

На седницата на 31 мај 2021 година, членот на Комисијата Ердем Ахмет, со оглед дека е вработен во Македонска Радио Телевизија, беше изземен од расправата, во согласност со член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси, а сѐ со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Димитар Мицев.

**Се обврзуваат Македонска Радио Телевизија (www.mrt.com.mk) и Истражувачката репортерска лабораторија – ИРЛ (www.irl.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595